МИ-422-001.04

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ОКОЛИНА И ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

**МАСОН ИНЖЕНЕРИНГ** ја утврдува оваа политика за квалитет, околина и здравје и безбедност при работа заради обезбедување услугите кои им ги испорачува на клиентите, во целост да ги исполнуваат нивните искажани реални барања и да бидат со важечките законски прописи и национални и меѓународни стандарди.

Насоченоста кон потребите на клиентите и задоволството на клиентите од извршената работа се најважните вредности според кои **МАСОН ИНЖЕНЕРИНГ** ја мери и ја одредува својата вкупна успешност.

**За постигнување, одржување и зајакнување на тие вредности, трајно се обврзуваме:**

- Да вработуваме стручен и амбициозен персонал кој ќе има можност и обврска постојано да се развива и усовршува
- Да набавуваме најсовремени материјали и опрема, како и да ја одршуваме и подобруваме инфраструктурата и околината за пријатна работа
- Да негуваме и развиваме партнерски односи со добавувачите
- На клиентите да им нудиме најоптимални и целосни решенија
- Да се реализираат решенија кои во целост ги подржуваат барањата и потребите на клиентите
- Да се води грижа за животната средина и околина
- Рационално да ја трошиме енергијата, суровините и останатите природни ресурси
- Да спречуваме создавање на отпад и вршиме класифицирање на отпадните материјали според можностите за нивно рециклирање
- Да бидеме одговорни кон вработените преку воведување на безбедносни мерки, намалување на ризикот од повреди и здравствени проблеми
- Да соработуваме со сите заинтересирани страни со отворен и културен дијалог, со цел заеднички да се допринесе за подобрување на здравјето и безбедноста при работата
- Да се применува и подобрува ефикасноста на системите за управување со квалитет, околина и безбедност втемелени на барањата на меѓународните норми ISO 9001:2008, ISO 14001:2004 и OHSAS 18001 и да се тежнее кон надминување на височината на тие барања
- Да поставуваме амбициозни, мерливи и остварливи цели за квалитетот, околината и безбедноста

Секој вработен во компанијата мора да биде запознат со политиката за квалитет, околина и здравје и безбедност при работа, да ја сфати, прифати и почитува како трајно начело во сопственото работење.

Политиката за квалитет, околина и здравје и безбедност при работа се издава како самостоен документ кој го потпишува управителот на компанијата и има статус на управуван документ.

Скопје,15.10.2013

**УПРАВИТЕЛ**
**Ѓуро Чубриноски**
**МАСОН ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ**

Друштво за градежништво и ... МАСОН ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје